Одделение за услуги во СПиН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 01-915/1
19-06-2009 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК

## ЗА РАБОТА НА ХОТЕЛ „ИЛИНДЕН "СО ДЕПАНДАНС

Скопје, јуни 2009 година

Врз основа на член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ " бр. 58 /2000, 44/2002 и 82/2008 год.), министерот за одбрана донесе

## П Р А В И Л Н И К
### за работа на хотел „Илинден "со депанданс

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува организацијата и работата на хотел „Илинден"со депанданс, (во натамошниот текст: хотел), намената на користење, постапката за стекнување на право на времено сместување, куќниот ред, чувањето на опремата и инвентарот, постапката за престанок на временото сместување и начинот на исплата на станарината.

Член 2

Хотелот е со седиште во Скопје.

Член 3

Со организацијата и работата на хотелот раководи одговорен работник .

Работите и задачите во хотелот ги вршат извршители согласно Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за одбрана.

Член 4

Хотелот има рецепција и 87 соби од кои 3 апартмани, 23 двокреветни соби и 61 еднокреветни соби, со вкупно 116 лежаи.

Во состав на се наоѓа депанданс со 38 соби, со вкупно 60 лежаи.

Во состав на на хотелот се објектите Вила1 и Вила 2.

### II. НАМЕНА НА КОРИСТЕЊЕ НА ХОТЕЛОТ

Член 5

Хотелот е наменет за пружање услуги за времено сместување на лица вработените во Министерството за одбрана, професионални војници, воени старешини и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија кои поради потреба на службата живеат одвоено од потесното семејство (брачен другар и деца) повеќе од 30 дена.

По исклучок од став 1 на овој член, услуги за времено сместување можат да користат и лица што ќе ги определи министерот за одбрана.

Правото на времено сместување од став 1 на овој член и правото на надоместокот на трошоците за закупнина на стан меѓусебно се исклучуваат.

За времемото сместување во просториите на хотелот се плаќа станарина.

Член 6

Хотел не е наменет за сместување на семејства на лицата од член 5 став 1 на овој правилник.

Член 7

Предност за стекнување на право на времено сместување имаат:

- избрани и именувани функционери во Министерството за одбрана на кои им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семесјтвото согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија:

- професионални војници, воени старешини и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија кои имаат право на надоместок на трошоци за одвоен живот од семесјтвото согласно Законот за служба во АРМ а не примаат надоместокот на трошоци за закупнина на стан.

III. ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВО НА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

Член 8

За стекнување на право на времено сместување во хотелот лицата од член 5 став 1 на овој правилник поднесуваат барање до Министерството за одбрана.

Кон барањето се приложуваат следните документи: решение за распоредување односно наредба за поставување на должност или наредба за упатување на работа, потврда дека немаат сопствен стан во Скопје, и потврда дека не примаат надоместокот на трошоци за закупнина на стан согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Барањата од став 1 на овој член ги разгледува Комисија што ја формира министерот за одбрана.

Комисијата од став 3 на овој член , ги разгледува барањата и изготвува ранг листа.

Изготвената ранг листа се доставува до министерот за одбрана.

Министерот или лицето што тој ќе го овласти донесува решение за избор.

Против решението од став 6 на овој член , кандидатот кој не е избран за времено сместување во хотелот има право на жалба во рок од 8 дена од денот кога е писмено известен за извршениот избор, до Комисија за решавање во втор степен од областа на работните односи при Владата на Република Македонија.

Член 9

Решението од член 8 став 6 на овој член содржи податици за име и презиме на подносителот на барањето, називот на организациона единица во Министерството за одбрана каде што ги извршува работите и задачите од

работното место, Воената пошта во Армијата на Република Македонија , должноста на која е поставен или упатен, бројот на собата што му се доделува на користење , времето на користење на собата , износот на станарината и периодот во месецот во кој истата треба да се исплати.

IV КУЌЕН РЕД , ЗАДОЛЖУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ИНВЕНТАР

Член 10

Лицата од член 5 став 1 на овој правилник, за време на времено̀то сместување во хотелот се должни да го почитуваат куќниот ред, кој е составен дел на овој правилник .

Куќниот ред го донесува одговорното лице во хотелот.

Куќниот ред се истакнува на видно место во просториите на хотелот .

Член 11

Лицата од член 5 став 1 на овој правилник при вселување во собата во хотелот што им е доделена за времено сместување, потпишуваат реверс со кој се задолжуваат со инвентарот и опремата што ја содржи собата и записник за примање на собата кој содржи податоци за инвентарот на собата, состојбата во која се наоѓа собата и недостатоците на инвентарот во собата.

По губење на правото за стекнување на времено сместување во хотелот и иселување од собата, потпишуваат записник на предавање на собата кој содржи податоци за инвентарот на собата, состојбата во која се наоѓа инвентарот во собата состојбата на собата во моментот на иселувањето и недостатоците на инвентарот во собата.

Член 12

Лицата од член 5 став 1 на овој правилник , сместени во собите на хотелот се должни да ја чуваат опремата и инвентарот кој го користат и кон истите да се однесуваат со внимание .

Лицата од став 1 на овој член се должни опремата и инвентарот во лична сопственост што имаат намера да ја внесат во собата која е слична или иста со опремата и инвентарот на собата во хотелот во која се времено сместени , пред да ја внесат во хотелот, да ја пријават на рецепција.

Ако опремата и инвентарот не бидат пријавени, се смета дека истите се сопственост на хотелот.

Член 13

Лицата од член 5 став 1 на овој правилник кои за време на времено̀то сместување , намерно или од крајна небрежност ќе направат штета на опремата и инвентарот во просторијата во која се времено сместени одговараат за сторена материјална штета на Министерството за одбрана согласно важечките прописи.

Член 14

Лицата од член 5 став 1 на овој правилник се должни најдоцна до 10 во месецот да ја платат станарината.

За време на годишните одмори станарината се плаќа 100% од вредноста на лежајот.

Хотелот гарантира за обезбедување на собите и чување на предметите во собите за време на користење на годишните одмори на лицата времено сместени во хотелот.

V ПОСТАПКА ЗА ПРЕСТАНОК НА ПРАВО ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

Член 15

Лицата од член 5 став 1 на овој правилник го губат правото за стекнување на времено сместување во хотелот, ако

- истече рокот за привремено сместување во хотелот утврден во Решението за стекнување на право за времено сместување,
- им престане вработувањето во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија по сите основи согласно закон:
- им се реши станбеното прашање во местото на извршување на работите и задачите односно должностите:
- се утврди дека покрај надоместок за трошоци за одвоен живот примаат и надоместокот на трошоци за закупнина на стан:
- најмногу за два месеци не ја платат станарината во утврдениот рок: и
- не го почитуваат куќниот ред на хотелот

VI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Лицата кои се стекнале со право на времено сместување во хотелот не се стекнуваат со станарско право на собите во хотелот.

Член 17

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за организација и работење на воено самачкиот хотел „ Илинден “ со депанданс - Скопје, бр. 06-927 од 14.02.1994год.

Член 18

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил : Зорица Арнаудоска
Одобрил: Живкица Смилковска Ристовска

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Коњановски**